ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
СКОПСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Центар за развој на СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 01-128/1
19.10 2022 год.
СКОПЈЕ

Во врска со Заклучоткот од 50-та Седница на Влада на Република Северна Македонија, точка 83 одржана на 2 март 2021 година, во однос на Информацијата за преземање на мерки за борба против корупција, раководителот на Центар за развој на Скопски плански регион – Скопје го донесе следниот:

# АНТИКОРУПЦИСКИ ПЛАН ЗА 2022 ГОДИНА

## АНАЛИЗА ЦЕЛИ И АКТИВНОСТИ

**Октомври, 2022**

Центар за развој на Скопски плански регион
Ул. Димитрије Чуповски бр.13 Стопанска комора I кат.
Тел/факс: 02/3244-033; 3244-036
емаил: contact@skopjeregion.gov.mk; www.skopjeregion.gov.mk

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ..... 3
ВИЗИЈА ..... 4
МИСИЈА ..... 4
НАДЛЕЖНОСТИ ..... 4
ЦЕЛИ ..... 7
АНАЛИЗА ЗА РИЗИЧНИ ОБЛАСТИ ЗА КОРУПЦИЈА ВО РАМКИТЕ НА ДЕЛОКРУГОТ НА РАБОТЕЊЕТО ..... 8
МЕРКИ ПРОТИВ НЕПРАВИЛНОСТИ И ИЗМАМИ ..... 10
ПРИОРИТЕТ ВО ОДНОС НА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА: ..... 10
ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ..... 11

## ВОВЕД

Корупцијата е глобален предизвик со кој се соочуваат сите земји, без оглед на нивниот степен на развиеност или државно уредување. Земјите ширум светот постојано вложуваат напори за да ја подигнат свеста за корупцијата и за нејзините влијанија врз граѓаните. Корупцијата го нарушува процесот на носење одлуки, постапувањето по нив, во спроведување на јавните набавки, наменското работење со донациите како и во сите останати сфери на општествениот развој. Имено, социјалните, правните и економските сегменти на развојот се меѓусебно поврзани, па затоа појавата на корупција во еден сегмент значително влијае врз развојот на сите останати.

Корупцијата е сериозна пречка за ефективно и ефикасно владеење на правото, раст и стабилност, непречен развој на демократијата, поради која се јави потребата за превземање на значителни чекори за справување на корупцијата како на локално така и на глобално ниво. Како мерки кои се превземаат за нејзино искоренување како и спречување на нејзина понатамошна појава, се донесуваат закони, политики, методологии и програми со кои ќе се обезбедат квалитетна, ефективна и ефикасна служба, ослободена од корумптивни практики како и сервис на граѓаните.

Врз основа на Законот за корупција и судирот на интереси како и Националната стратегија за спречување на корупција и судирот на интереси 2021-2025 година на Државната комисија за спречување на корупцијата, Центар за развој на Скопски плански регион во рамки на надлежностите, а постапувајќи по Заклучокот од 50-та седница бр.40-2929/1 од 02.03.2021 година на Влада на РСМ и по Информацијата за преземање на мерки за борба против корупција, се утврди потребата од донесување на План за борба против корупцијата.

Годишниот Акционен план за борба против корупцијата на Центар за развој на Скопски плански регион е изготвен врз основа на Законот за спречување на корупција и судирот на интереси (сл.весник на РМ бе.12/19), поврзан со примена на Законот за рамномерен регионален развој (сл.весник на РСМ 24/21), Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031(Службен весник на РСМ бр.76 од 06.04.2021), Програмата за развој на Скопски плански регион за период 2021-2026 година, кој ги конкретизира препораките содржани на Националната стратегија за спречување на корупција и судирот на интереси 2021-2025 и по дадените насоки за изготвување на годишниот антикорупциски план на Влада на РСМ

Годишниот Акциски план за 2022 година  во кој се утврдени мерки и активностите кои Центар за развој на Скопски плански регион ќе ги преземе во претстојниот период во однос на сите претходно идентификувани области, со цел да ги намали ризиците, да се справи со предизвиците и да ги отстрани слабостите, за да биде што подобар партнер и сојузник во борбата против корупцијата и тоа преку точно утврдена динамика, одговорности и начин на известување.

**ВИЗИЈА**

Скопски плански регион е конкурентен регион на балканот со висок квалитет на живеење, со оджлив економски раст, чиста и здрава животна средина, и развиен туризам базиран на богато културно наследство.

**МИСИЈА**

Скопски плански регион заедно со општините и другите чинителите да создава рамномерен развој преку поттикнување и развој на руралните подрачја, создавање на висок квалитет на живеење за сите свои граѓани и одржливо користење на своите ресурси.

**НАДЛЕЖНОСТИ**

Во Законот за рамномерен регионален развој е утврдено дека Центар за развој на Скопски плански регион, учествува во планирање на регионален развој, спроведување на плански документи за регионален развој како и за вршење на стручни и административни технички работи за потребите на Советот за развој на планскиот регион. Исто така, Центарот е посветен на јакнење на меѓуопштинска соработка и промоција на развојните можности на регионот преку соработка со општините во региони и преку помагање во обезбедување на поддршка при подготовка на нинвните програмски докуемнти за развој, како и на невладиниот, бизнис секторот при подготовка на проекти од област на регионален развој. Јакнење на капацитетите на мрежите на локалната и руралната заедница, бизнис секторот, стимулирање на развојот на локално и регионалено ниво, јакенње на принципот на јавно приватно партнерство во насока на подигање на квалитетот на живеење, преку зачувуваање и развивање на посебниот идентитет на планскиот регион, со негова афирмација и развој.

Како дел од својата работа и надлежности, Центар за развој на Скопски плански регион е задолжено за подготвување на предог Програмата за развој на Скопски регион а врз основа на Стратегијата за рамномерен регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031 (сл.весник на РСМ 76/21). Центарот има подготвено и донесено конкретни политики и процедури и тоа:

- Кодекс на етика;
- Политика за спречување перење пари и финансирање на тероризам;
- Политика на нулта толеранција за измама;
- Политика на еднакви можности;
- Политика за спречување на корупција и судир на интереси;
- Политика за животна средина и социјални аспекти;
- Процедура за спроведување на јавни набавки.

Центар за развој на Скопски плански регион
Ул. Димитрије Чуповски бр.13 Стопанска комора I кат.
Тел/факс: 02/3244-033; 3244-036
емаил: contact@skopjeregion.gov.mk; www.skopjeregion.gov.mk

**Клучни начела за донесување и имплементација на планот се:**

Согласно член 2 од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси, под поимот ,,корупција" се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посреднот, за себе или за друг.
За целите на имплементација на политиките во оваа област, често користена дефиниција што опфаќа широк спктар на корумптивни активности е ,,злоупотреба на јавна или приватна функција за лична корист"
Воедно, под поимот ,,корупција" се опфаќаат и поимите на:

- **,,Пасивна корупција"** е намерно делување на службеното лице, кое директно или преку посредник бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во соглсност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски, и
- **,,Активна корупција"** е намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за трето лица, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски

Овие дефиниции се корисни рефернци за развој на политиките и подигање на свеста, елаборирање на овој годишен акционен план и донесување и спроведување на мерки за спречување на корупција.
Под **,,судир на интереси"** се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.
Лицето во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.Во случај на соменување на постоење на судир на интереси, лицето е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватен интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.
Во случај на постоење на соменвање на судир на интереси, лицето е должно да побара мислење од Државната комисија.
Под поимот **,,ризик на корупција"** согласно Законот за спречување на корупција и судирот на интереси, се подразбира кој било вид на внатрепна или надворешна слабост или постапка која претставува можност за појавав на корупцијата во рамките на државни органи, или други институции од јавниот сектор и кој ги вклучува прашањата на судир на интереси, неспоивост на функции, примање подароци и други нелегални плаќања, лобирање, недостаток на систем за заштита на укажувачи, измами, несоодветно користење на овласувањата, дискрециони овластаувања, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на закон, тргување или недзоволено користење на информации, транспарентност на постапки и докуемнти и други прашања од значење на интегритетот.
**,,Интегритет"** подразбира законите, незавино, непристарасно, етичко, одговорно и траспарентно вршење на работи со кои лицата го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елеминираат ризиците и

ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции.

**,,Јавен интерес"** подразбира заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународно право и утврдени со Уставот на РСМ, спречување на ризиците за здравјето, одбранат и безбедноста, заштита на животната средина и на природата, заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото, владеење на правото и спречување на криминалот и корупцијата.

**,,Јавно овластување"** се подразбира овластување, пренесо од страна на државнат или локалната власт, на физичко или правно лице да врши работи од јавен интерес.

**,,Службена должност"** подразбира збирот на обврски кои едно лице е должно да ги преземе, акои преоизлегуваат од вршењето на одредена функција или професија, односно од службената положба на тоа лице.

**,,Административни работи"** се подразбираат стучно административни, нормативно-правни, статистички, плански, информатички, кадровски, материјални, финансиски, сметководствени, информативни и други работи од административна природа.

**,,Кронизам"** подразбира именување на истакнати позиции на блиски пријатели, другари или познаници на функционерите, без оглед на тоа дали тие се квалификувани за тие работни позиции. Занчи поставувањето на несоодветен кадар. Станува збор за фаворизирање на свои пријатели. При кронизмот лице кое има авторитет ја злупотребува својата моќ и промовира пријател за таа позиција и покрај тоа што не е квалификуван за таа позиција.

**,,Непотизмот"** претставува фаворизирање роднини или пријатели при доделување на функции и почести без притоа да се води сметка на стручноста. Непотизмот подразбира и злоупотреба на службената или политичката и друга моќ за доведување роднини на привлечни и влијателни функции. Согласно ЗСКСИ предвидена е и забрана на влијание за вработување на блиски роднини. Имено, никој не смее да врши влијание за вработување или унапредување на блиско лице во органот во кој е избрано или именување или во друг државен орга или јавно претпријатеие, јавна установа или друго правно лице што располата со државен капитам врз кое врши надозр органот во кој лицето е избрано, односно именувано.

**,,Дискрециони овластувања"** и донесувањето на дискрециони одлуки постојат во оние случаи кога во прописите одредено прашање за кое треба да се одлучува не е уредено или кога во прописте е содрѓан збор кој му остава простор на функционерот или службеникот да избере дали ќе донесе одреден акт или не, или избор на одредена алтернатива. Како пример би го посочиле зборовите ,,може", ,,цени", ,,односно", и сл. Согласно од одредбите од ЗСКСИ предвидено е дека во вршењто дискрециони овластувања секое вработено лице е должно, одлуките да ги донесува совесно, водејќи сметка за сите факти и околности на конкретниот случај и за начелото на законитост и справедливост.

Годишниот антикорупциски план е заснован на следните начела што се очекува задолжително да бидат почитувани од страна на секое вработени лице, секое избрано или именувањено лице на функција, со јавно овластување и службена должност, во Центарот:

- Начело на законитост;
- Начело на интегритет;
- Начело на еднаквост;

- Начело на јавност;
- Начело на заштита и одговорност.

**ЦЕЛИ**

Во годишниот антикорупциски план опфатени се различни аспекти од дефинирање на корупцијата согласно Законот за спречување на корупција и судирот на интереси (сл.вениск на РСМ бр.12/19), до што секој вработен може да стори за да ги идентификува и управува етичките дилеми и ризикот од корупција. Овој Антикорупциски план се фокусира на утврдување конкретни мерки и активности за контрола и превенција на појавата на корупција. Таа претставува еден вид почетна анализа за ризични области за корупција во рамките на делокругот на работењето на Центарот, односно се обидува за ги идентификува причините, условите и факторите кои ја овозможуваат корупцијата но едновремено преку акцискиот план се дава пресек на конкретно планирани активности и начинот на нивна реализација со цел соодветна превенција и одговор на поставените цели во овој документ.

Клучните проблеми и ризични фактори за појава на корупција и судир на интереси во администрација се однесуваат на:
- отсуството на систематизирани мерки за спречување на корупцијата;
- отсуството на проценка на ризикот од појава на корупција во Центарот
- отсуството на цврсти гаранции за спроведување на процедурите за работа;
- нецелосно децентрализирано управување со јавните средства недостаток на јавна контрола врз работата на вработените, што ги отвора вратите за различни форми на судир на интереси.

Имајќи го предвид горенаведеното, овој Антикорупциски план- има за цел да воспостави ефикасен систем на мерки и активности кои ќе овозможат превенција и борба со корупцијата како главен стратешки приоритет и да оствари неколку цели со кои значително ќе се намалат проблемите и ризичните фактори за појава на корупција:
- зголемување на нивото на одговорност и волја за борба против корупцијата;
- јакнење на интегритетот и отчетноста на раководството и вработените, базирано на систем на вредности и критериуми за квалитет;
- почитување на законските прописи, на Кодексот за етичко однесување, политиките и процедурите се со цел подобрување на ефикасноста во работењето;
- спроведување на надлежностите на Центарот на законски, транспарентен, етички, економичен, одговорен и ефективен начин;
- активна транспарентност, зајакната контрола и надзор во јавните набавки и во склучувањето договори;
- јакнење на алатките за отчетност и транспарентност во работењето како и подобрување на ефиксансоста во работењето;
- воспоставување на механизми во рамките на Центарот кои ја ограничуваат и спречуваат можноста за злоупотреба на службената положба за остварување на лична корист
- Воспоставување на механизми за стимулација и поттикнување на вработените во Центарот се со цел извршувње на задачите на подобар и поквалитетен начин

подигнување на јавната свест и спроведување антикорупциска едукација за вработените и градење личен и професионален интегритет;

**АНАЛИЗА ЗА РИЗИЧНИ ОБЛАСТИ ЗА КОРУПЦИЈА ВО РАМКИТЕ НА ДЕЛОКРУГОТ НА РАБОТЕЊЕТО**

Проблемите и мерките во Годишниот антикорупциски план за 2022 година на Центар за развој на Скопски плански регион се систематизирани во следните области:

- Постапките за вработување;
- Постапки за јавни набавки;
- Постапки за реализација на проекти финансирани од национални и меѓунардни програми
- Постапки за финансиско работење

**Постапките за вработување**

Се забранува незаконско влијание во постапките за вработување

Во постапките за вработување се применуваат одредбите од Законот за работни односи и Законот за рамномерен регионален развој.

Во постапките за вработување ќе се почитуваат начелата:

- Забрана за директна и/или индиректна дискриминација, односно принцип на еднаков третман на кандидатите за вработување или работниците;
- Начело на полова еднаквост
- Начело на пријавување на состојба на судир на интереси-вработени лице во институцијата кое учествува или одлучува во постапката за избор, именување или вработување или е вклучено како член на телото што ја спроведува таа пстапка е должно да го извести раководното лице на институцијата, односно институцијата каде што е вработени за систе постапки што можат да предизвикаат судир на интереси.

**Постапки за јавните набавки**

- Се забранува незаконско влијание во постапката за јавна набавка на секое лице вклучено во истата

Начела на кој се темелат јавните набавки

Системот на јвани набавки и неговото спреоведување се темлат врз начелата на слободно движење на стоки, слобода за основање, слобода за обезбедување услуги, начело на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспарентност, едаков третман на економските оператори.

- Начело на економичност, ефикасност и ефективност на користењеот јавни средства

Договорниот орган ги спроведува јавните набавки на начин што ќе обезбеди економично, ефикасно и ефективно користењ на јавните средства и успешно остварување на целите на своето работење,утврдни согласнот со прописте кои го уредуваат користењето на буџетските и другите јавни средства

- Начело на конкуренција помеѓу економските оператори

Во постапката за јавна набавка, договорниот орган не смее неоправдано да ја ограничи конкуренцијата помеѓу економските оператори

- Начело на транспарентност

Договорниот орган ги реализира постапктие за јавни набавки на транспаренте начи и во согалсност со одредбите на Законот за јавни набавки и прописите доенсени врз основа на истиот. Траспаретноста се обезбедува со објавување на планот за јавни набавки, огласите и известувата од Законот за јавни набавки, тендерсктата документација и договорот за јавна набавка, како и нивните измени и дополнувања, известувања за реализирани или нереализирани договори.

Договорниот орган ги релаизиа постапките за јавни набавки на транспаренте начин и во согласност со начелата на Практинчниот водич на процедурите за склучување на договори кои се однесуваат на сите надворешни активности на ЕУ, финансирани од општиот буџет на ЕУ (буџетот на ЕУ) и Европскиот фонд за развој (ЕДФ) како и упатствата за начините на постапување при доделување на договори за набавки со конкретни договори склучени од донатори.

- Начело на еднаков третма и недискриминација на економските оператори

Договорниот орган обезбедува еднаков третман на економските оператори во сите фази од постапката за јавна набавка и во однос на сите елементи од понудата, земајќи го предвид заемното признавање и сразмерност на барањата во врска со предметот на набавка.

- Начело на сразместно

Постпакта за јавна набавка се спроведува сразмерно на предметот на набавка , особено во однос на изборот, дефинирањето и примената на условите, барањата и критериумите, кои мора да се логички поврзани со предметот на набавка

**Постапки за реализација на проекти финансирани од национални и меѓунардни програми**

- Секое назначено лице во подолу наведените активности што треба да ги спроведува, треба да ги врши законито, транспарентно, непристрасно и согласно национални и меѓународни регулативи.

За спроведување на проекти од донаторти се назначува координатор на проект, лице кое ја подготвува проектната апликација и е одговорно за сите активности поврзани со реализација на проектот согласно правилата на проектната програма. Доколку Центарот е партнер во даден проект исто така се назначува лице кое е одговорно за сите активности поврзани со релаизација на проектот.

Постапки кои се следат за реализација на проекти финансирани од меѓународни програми се:

- Потпишување договор за проектот;
- Регистрација на проектот и отварање на сметка;
- Распределба на административните и финансиските обврски поврзани со проектот;
- Одговорности за реализација на проектот.

- Постапки за финансиско работење

Финансиското управување и контрола е систем на политики, процедури и активности воспоставени од раководителот на субјектот.

Цел на финансиското управување и контрола е подобрување на финансиското управување заради постгнување на следните општи цели:

- Вршење на работите на правилен, етички, економичен ефективен и ефикасен начин
- Усогласување на работењето со законите, другите прописи, утврдената политика, плановите и постапките

- Навремено финансиско известување
- Правилно евидентирање на финансиските трансакции

## МЕРКИ ПРОТИВ НЕПРАВИЛНОСТИ И ИЗМАМИ

Раководното лице ќе применува и развива висок степен на интегритет и нулта толеранција на корупција. Тоа вклучува превентивни мерки, транспарентност на Веб страна, комјутерско работење.

Раководното лице согласно Законот за заштита на укажувачи, во Центарот во тековната 2021 година ќе определи лице за внатрешно пријавување и согласно Законот за заштита на личните податоци ќе определи лице офицер за заштита на личните податоци.
Раководното лице на институцијата има обврска да го спречува ризикот од неправилости и измами и да презема дејствија против неправилности и измами.
Раководното лице на институцијата има одговорност да обезбеди свесност на вработените и ангажираните лица, да се погрижи истите да го разбираат акционинот план за спречување на корупција

Секое вработено лице во институцијата е должно да постапува соглалсно уставот и законите во извршувањето на работните должности да постапува совесно, стручно, одговорно ,чесно ефикасно и непристрасно.
Секој има право да пријави сомневање или сознание за корупција и да биде заштитен согласно со закон.
Вработените се должни да го пријават секое казниво дело поврзано со корупција, како и секоја повреда на одредбите на соодветните закони, за кои дознало во вршењето на својата должност.
Вработеното лице на кое му е понуден поткуп е должно да преземе мерки за идентификација на понудувачот и да го пријави на надлежен орган.
Вработеното лице не смее да ја користи својата положба вршејќи влијаие врз друго лице во држваен орга, за тоа да донесе или не донесе определена одлука да трпи или пропушти заради остварување корист.Секој граѓанин има право да ја извести Државната комисија за повредата на одредбите од овој став.

## ПРИОРИТЕТ ВО ОДНОС НА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА:

1. Почитување на Уставот, законите и Кодексот на Центарот
2. Јакнење на интегритетот на вработените во Центарот
3. Обезбедување на транспарентност и отчетност во работењето
4. Меѓу институционална соработак во борбата против корупцијата и криминалот
5. Овозможување слободен пристап на информации од јавен карактер
6. Професионализаціа, департизација и деполитизација на вработените
7. Зајакната контрола и надзор на јавните набавки
8. Зајакнување на меѓународна соработка во борбата против корупцијата
9. Јакнење на довербата и мотивирање да се пријави корупција

10. Пријавување на корумптивно, недозволиво, незаконите и неетичко однесување на лица вработени во Центарот.

Центар за развој на Скопски плански регио и понатаму ќе практикува објавување на Веб страницата https://www.skopjeregion.gov.mk информации, правилници извештаи и други документи поврзани со нејзината работа.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Овој годишен план влегува во сила од денот на донесување од страна на раководителот на Центарок а ќе биде објавен на веб страната на Центарот.

1 Заклучок 26 од Информација за преземање на мерки за борба против корупција, 50-та седница на Владата на Република Северна Македонија од 02.03.2021

Центар за развој на
Скопски плански регион,
Раководител,
Љупчо-Кец Мицковски,

----------------------------------
(потпис)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • Центар за развој на Скопски плански регион • СКОПЈЕ